**Општина Охрид**
**Сектор за Туризам и Локален Економски Развој**
**Одделение за туризам**

**Годишен извештај за реализација на**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2020 – 31.12.2020 ГОДИНА**

Датум 02.03.2021 ....................................................

***Сектор за ТЛЕР***
***Раководител***
***М-р Ѓоко Апостолов***

Извештајот е изработен за период од 01.01.2020 до 31.12.2020 год и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам за реализација на:

- Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2020 – 31.12. 2020 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2020 – 31.12.2020 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности**
2. **Промоција на Охрид како туристичка дестинација**
3. **Развој на туристичка инфраструктура**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2868 станоиздавачи),
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Поставување на ХотСпот интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид за туристи,
- Изработка на стратегија за развој на туризмот
- Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020.

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

# АНЕКС 1

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2020 год.

1. Управување со туристички дејности
2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација
3. Развој на туристичка инфраструктура
4. Подготовка на проекти и проектно управување

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2020 год. во однос на 2019 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.07.2020 – 30.09.2020 год.**

## 1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули – Декември 2020 | Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Стратегијата за развој на туризмот во општина Охрид, врз база на темелни анализи на посточката состојба ќе ја дефинира долгорочната визија, стратешкиот правец, стратешките цели и приоритетни проекти како и акциони планови за идниот развој на туризмот. | Во првата половина од оваа година беше објавен тендер при што за наповолен понудувач беше избран ФТУ Охрид. Од странан на ФТУ Охрид беше доставено драфт верзија од стратегијата за развој на туризмот во оптина Охрид. Во тек е нејзина финализација и изработка на СОВЖ. | Исплатени се 225.452,00 |
| **1.2. Обуки за директна вклученост на локалните жители во креирањето на туристичката понуда** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Март 2020 | Одржување на Обуки за директна вклученост на локалните жители во креирањето на туристичката понуда | Овие обуки реализирани преку стручни и искусни обучувачи треба да овозможат трансфер на знаења и практични активности за колку што е можно поголем број на вакви лица со што истите ќе бидат во можност понатаму активно да се вклучат во креирање на нови содржини во туризмот. | Обуката ги опфати следните теми:<br>- Обука за туристички аниматори, (агенции, водичи, организатори на екскурзии): - туристичката анимација како сплет на специфични поттикнувачки активности за време на туристичкиот престој..<br>- Подигнување на капацитетите и меѓусебните интеракции во заедницата и активно вклучување на локалните жители како водичи во природа и локални аниматори во функција на туристичкиот развој на активниот и селски туризам.<br>- Трансфер на знаење и добри пракси за активно вклучување во креирање на нови содржини во туризмот, процесите на анимирање, креација, оживување на традиционалните | Исплатени се 118.500,00 мкд |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | обичаи, вредности и други етнолошки и културни обрасци, дружење и односот со туристите, гостите и посетителите на нивната заедница.<br>- Сите учесници на обуките (35), се здобија со сертификат од оваа област. | |
| **1.3. Обуки за агротуризам и стандарди во агротуризмот- маркетинг и социјални мрежи, директна продажба и вмрежување.** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Март 2020 | Одржување на Обуки за агротуризам и стандарди во агротуризмот | Целта на овие обуки, кои беа спроведени од страна на стручни обучувачи беше да се зголеми знаењето на локалното население за вклучување во туризмот. Посебен акцент беше ставен на теми како:<br>- Спој на туризмот и земјоделството (фармерство, градинарство),<br>- Туристичка понуда со автохтони производи,<br>- Презентација на производите и директна продажба на сопствениот производ,<br>- Враќање кон природата и труд кој го оплеменува човекот,<br>- Можност за дополнителна заработка,<br>- Маркетинг на социјалните мрежи,<br>- Меѓусебно поврзување. | Обуката ги опфати следните теми:<br>- Спој на туризмот и земјоделството (фармерство, градинарство),<br>- Туристичката понуда и автохтоните производи како туристичка атракција,<br>- Модели на презентација на производите и директна продажба на сопствениот производ,<br>- Можност за дополнителна заработка,<br>- Маркетинг на социјалните мрежи,<br>- Меѓусебно поврзување.<br><br>Сите учесници на обуките (35), се здобија со сертификат од оваа област. | Исплатени се 118.500,00 мкд |
| **1.4. Обука за ЈПП и дијалог – Идентификација на области, можности и проекти во туристичкиот развој подобни за модели за јавно приватно партнерство**<br>**- Меѓународни искуства и модели,**<br>**- Креативни работилници за развој на проекти,**<br>**- Истражувања на потенцијални партнери** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Март 2020 | Одржување на Обуки за ЈПП и дијалог | Обуките опфатија теми како:<br>- Стратешка рамка за проектен менаџмент и ЈПП во туризмот,<br>- Улогата на ЈПП во реализација на | Обуките ги опфатија следните теми:<br>- Стратешка рамка за проектен менаџмент и ЈПП во туризмот,<br>- Улогата на ЈПП во реализација на стратегиите за развој | Исплатени се 300.000,00 мкд |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | стратегиите за развој на туризмот во дестинацијата,<br>- Светски искуства и модели на ЈПП во туризмот, (Хрватска и др. земји)<br>- Соработка за унапредување на привлечноста на дестинацијата,<br>- Соработка за унапредување на ефикасноста на маркетингот,<br>- Соработка за унапредување на продуктивноста на дестинацијата,<br>- Соработка за унапредување на менаџментот на дестинацијата. | на туризмот во дестинацијата,Светски искуства и модели на ЈПП во туризмот, (Хрватска и др. земји), Соработка за унапредување на привлечноста на дестинацијата, Соработка за унапредување на ефикасноста на маркетингот, Соработка за унапредување на продуктивноста на дестинацијата, Соработка за унапредување на менаџментот на дестинацијата.<br>- Најголем дел од учесниците во оваа област беа од граѓанскиот и приватниот сектор.<br><br>Сите учесници на обуките (20), се здобија со сертификат од оваа област. | |
| **1.5. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари-Декември 2020 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2868 станоиздавачи | Не се реализирани финансиски средства |
| **2.** | Јануари-Декември 2020 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во текот на 2020 година продолжени се 222 решенија за категоризација | Не се реализирани финансиски средства |
| **3.** | Јануари-Декември 2020 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должми се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за периодот 2020год. согласно надлежноста заверени се 65 нормативи за храна и пијалоци | Не се реализирани финансиски средства |
| **4.** | Јануари-Декември | Пријава за утврдување на работното време | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должни се да го | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за периодот 2020 год. | Не се реализирани финансиски |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | | пријават своето работно време | согласно надлежноста пријава поднеле вкупно 31 угостителските објекти. | средства |
| **5.** | Јануари-Декември 2020 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Евиденција на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи. | Не се реализирани финансиски средства |
| **6.** | Јануари-Декември 2020 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Евиденција на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции. | Не се реализирани финансиски средства |
| **1.6. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| **1** | Јануари – јуни 2020 | Субвенционирање на туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | Целта на оваа мерка е да се подигне нивото на капацитетите кои ги нудат давателите на услуги од мал обем, како и финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | По објавениот јавен повик, објавен во Јануари 2020, за субвенционирање на физичките лица кои вршат угостителска дејност за периодот од 01.07.2019 - 31.12.2019 година имаат аплицирано вкупно 36 физички лица кои вршат угостителска дејност. | Исплатени се финансиски средства во износ од 403.017,00 МКД за вкупно 32 физички лица |
| **1.7. Поставување на нови излози во старата охридска чаршија** | | | | | |
| **1** | Јуни – Декември 2020 | Замена на автентични излози на 7 дуќани во старата охридска чаршија | По добиениот проект од страна на Министерството за економија за ревитализација на старите градски чаршии, одобрени се средства во износ од 700.000,00 денари за замена на автентични излози на 7 дуќани во старата охридска чаршија.Изборот на дуќаните беше направен врз основа на претходно објавен повик од страна на Министерството | По предходно објавен и неуспешен тендер, до министерство за економија е поднесено барање за продолжување на проектот за финансирање за ревитализација  на старите градски чаршии. Добиена е согласност за продолжување од страна на министерсво за економија и ќе биде објавен нов тендер. | Не се реализирани финансиски средства |

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Реализирани финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи** | | | | | |
| 1. | Јануари 2020 | Манифестација од 1-ви до 20-ти“ | Оваа активност опфати културно уметнички настани за време на Новогодишните празници, Божиќ, Стара Нова Година и Водици. Предвидено е да започнат со Дочекот на Новата Година на Градскиот плоштад, при што секој ден ќе беше опфатен со различна програма согласно традицијата, се до прославата на Водици и Денот на Рибарите. | Склучени договори со 7 естрадни уметници- групи, за целосен сценски настап, со потребна опрема, реализирано преку три авторски агенции.<br><br>**Исплатени средства**<br>1. Камелеон 173 388,оо ден.<br>2. Ефто Пупиноски 173 689,оо ден.<br>3. Ѓоко Танески 254 987,оо ден.<br>4. Марко Луис 344 871,оо ден.<br>5. Владимир Василески Четкар 581 941,оо ден.<br>6. Петар Грашо 1.070 088,оо ден.<br>7. Миле Кузманоски 366 985,оо ден.<br><br>ВКУПНО : **2. 965 949,оо ден** | Реализирани средства 2.965.949,00 мкд |
| **2.2. Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| 1. | Јануари – Септември 2020 | Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид | Оваа активност вклучува комплетно редизајнирање на промотивниот материјал во одделни сегменти на туристичката понуда на Охрид. За таа цел ќе биде потребно изработка и откуп на високо квалитетни фотографии и видеа, кои ќе бидат откупени на јавен оглас, и истите како сопственост на општина Охрид ќе бидат употребени за изработка на нов промотивен материјал. | Во првата половина на оваа година беше објавен конкурс за избор на идејно решение за дизајн на промотивен материјал на општина Охрид по што Комисијата во законски предвидена постапка и рокови избра идејно решение.<br>Во овој квартал беше објавен тендер за печатење на рекламен материјал. | Во овој квартал исплатени се 105.275,00 МКД како дел од договорот за избор на ново идејно решение. |

## 3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Бесплатен hot spot интернет** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2020 | Бесплатен hot spot интернет | Оваа активност предвиодува поставување на бесплатен hot spot интернет на 5 најпосетувани локации во Охрид, и тоа во непосредна близина на:<br>- Плоштад Св. Климент Охридски<br>- Плоштад Крушевска Република – Чинар<br>- Св. Климент – Плаошник<br>- Кеј Македонија<br>- Црква Св. Софија. | За реализација на оваа активност општина Охрид во првата половина од оваа година објави оглас за јавна набавка бр.08417/2020 од 18.06.2020 година за поставување на hot spot интернет на неколку најпосетувани локации во Охрид. Во истиот период, во законски предвидена постапка беше донесена одлука за избор на најповолен понудувач со бр.09-5445/1 од 25.06.2020 година. Избран беше истиот економски оператор – Неотел Скопје, како и минатата година, со што ја продолжува истата активност. | Вкупно во 2020 се реализирани 85.855,00 ден. |
| **3.2. Финансирање на локални микропроекти со цел потикнување на развојот на туризмот** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2020 | Финансирање на проекти од областа на туризмот за 2020 год. | Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на локалниот економски развој.<br>На ваков начин, Општина Охрид го поттикнува партиципативното учество на заедницата во општествениот развој на микрозаедниците.<br>Критериумите, процедурите и постапките кои треба да се исполнат се објавуваат по пат на јавен повик за финансирање на микропроекти. | За реализација на оваа активност општина Охрид објави повик за финансирање на проекти од областа на туризмот по што од страна на градоначлникот беше формирана Комисија за евалуација на проектните предлози и за следење на имплементацијата на одобрените за финансирање проектни предлози. Комисијата за евалуација по предлог за буџетски скратување даде предлог за поништување на јавниот повик. Јавниот повик беше поништен поради настанатата ситуација со COVID-19. | Не се реализирани финансиски средства |

# ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| **4.2.** | **Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари – Септември 2020 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Во овој период во проектот беше реализиран изработена и спроведена процедура за набавка на табли со бар кодови кои ќе бидат поставени на 100 објекти кои беа предвидени во работен пакет број 3 и истите се во тек на подготовка. Спроведена е тендерска постапка за изработка на Стратегија за културно наследство и евалуација на проектните активности. Изработени се два финансиски извештаи во МИС системот и истите се одобрени од страна на домашна ревизија како и од ревизија од Европска делегација, со што се верифицирани дотогаш направените трошоци. Побарано е продолжување на проектот поради настанатата ситуација со COVID-19. Проектот е продолжен до Април 2021. | Реализирани се вкупно 2.322.402,00 МКД, од кои сопствени средства во износ од 828.402,00 МКД |
| **4.3.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| **1.** | Јануари – Септември 2020 | Имплементација на Проектот „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“, од програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020 | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина | Во овој период во проектот беше реализиран изработена и спроведена процедура за набавка на табли со бар кодови кои ќе бидат поставени на 100 објекти кои беа предвидени во работен пакет број 3 и истите се во тек на подготовка. Спроведена е тендерска постапка за изработка на Стратегија за културно наследство и евалуација на | Реализирани се вкупно 2.322.402,00 МКД, од кои грантови средства во износ од 1.494.000,00 МКД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | проектните активности. Изработени се два финансиски извештаи во МИС системот и истите се одобрени од страна на домашна ревизија како и од ревизија од Европска делегација, со што се верифицирани дотогаш направените трошоци. Побарано е продолжување на проектот поради настанатата ситуација со COVID-19. Проектот е продолжен до Април 2021. | |

## II.Информација за наплата на таксата за привремен престој

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2020 до 31.12.2020** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој за 2020 год.**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 703.616 | 100.792 | 804.408 |
| **2** | **Февруари** | 242.504 | 38.176 | 280.680 |
| **3** | **Март** | 328.784 | 43.200 | 371.984 |
| **4** | **Април** | 73.856 | 4.160 | 78.016 |
| **5** | **Мај** | 89.824 | 2.400 | 92.224 |
| **6** | **Јуни** | 15.232 | 1.472 | 16.704 |
| **7** | **Јули** | 117.152 | 17.344 | 134.496 |
| **8** | **Август** | 1.561.274 | 111.334 | 1.672.608 |
| **9** | **Септември** | 2.829.808 | 293.096 | 3.122.904 |
| **10** | **Октомври** | 647.544 | 159.424 | 806.968 |
| **11** | **Ноември** | 252.288 | 118.104 | 370.392 |
| **12** | **Декември** | 249.440 | 144.936 | 394.376 |
| | **ВКУПНО** | 7.111.322 | 1.034.438 | 8.145.760 |

**Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 8.145.760,00 денари.**

**Споредба Јануари – Декември2020 / Јануари – Декември2019**

**За споредба, во 2019 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 22.062.798,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2020 година е намалена за 63 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2019 година.**

## III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2020 год. во однос на 2019 год.)

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б | Месец | Дом. Ноќевања | | Однос % | Стр.Ноќевања | | Однос% | ВкупноНоќевања | | Однос % |
| | | 2019 | 2020 | 2020/19 | 2019 | 2020 | 2020/19 | 2019 | 2020 | 2020/19 |
| 1 | јануари | 5.826 | 6.971 | 119.7 | 4.126 | 6.132 | 148.6 | 9.952 | 13.103 | 131.7 |
| 2 | февруари | 4.608 | 4.561 | 99.0 | 2.593 | 5.927 | 228.6 | 7.201 | 10.488 | 145.6 |
| 3 | март | 5.016 | 3.915 | 78.1 | 7.939 | 2.314 | 29.1 | 12.955 | 6.229 | 48.1 |
| 4 | април | 13.524 | 1.572 | 11.6 | 26.188 | 4 | 0.0 | 39.712 | 1.576 | 4.0 |
| 5 | мај | 20.955 | 766 | 3.7 | 47.105 | 31 | 0.1 | 68.060 | 797 | 1.2 |
| 6 | јуни | 27.525 | 1.315 | 4.8 | 65.912 | 82 | 0.1 | 93.437 | 1.397 | 1.5 |
| 7 | јули | 217.552 | 231.794 | 106.5 | 97.002 | 2.545 | 2.6 | 314.554 | 234.339 | 74.5 |
| 8 | август | 252.242 | 326.907 | 129.6 | 102.769 | 7.130 | 6.9 | 355.011 | 334.037 | 94.1 |
| 9 | септември | 30.444 | 41.565 | 136.5 | 74.115 | 2.718 | 3.7 | 104.559 | 44.283 | 42.4 |
| 10 | октомври | 23.599 | 12.449 | 52.8 | 30.904 | 1.360 | 4.4 | 54.503 | 13.809 | 25.3 |
| 11 | ноември | 11.120 | 7.542 | 67.8 | 9.892 | 672 | 6.8 | 21.012 | 8.214 | 39.1 |
| 12 | декември | 8.979 | 13.287 | 148.0 | 11.623 | 615 | 5.3 | 20.602 | 13.902 | 67.5 |
| | **ВКУПНО** | 621.390 | 652.644 | 105.0 | 480.168 | 29.530 | 6.1 | 1.101.558 | 682.174 | 61.9 |

**Согласно податоците од Државен завод за статистика, бројот на остварени ноќевањата во Охрид за период од 01.01.2020 – 31.12.2020 година, во однос на 01.01.2019 – 31.12.2020 година, е намален за 38.1% и тоа: кај домашните ноќевања има зголемување за 5.0% , а кај странските има намалување за 93,9%.**